Република Македонија
Министерство за образование и наука
Бр. УП1 12-1171
13-11-2018
Скопје

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 22 од Законот за образование на возрасните („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08, 17/11, 51/11, 74/12, 41/14, 144/14, 146/15 и 30/16,64/18) и Правилникот за начинот на верификација на установите и институциите за образование на возрасните („Службен весник на Република Македонија" бр.210/16), министерот за образование и наука, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за верификација на институцијата за образование на возрасните Македонско здружение за заштита и спасување во планина и непристапен терен АСКЛЕПИЈ-Скопје, за реализација на посебната програма Спасител во планина и непристапен терен, во општина Тетово**

1. Се верифицира институцијата за образование на возрасните Македонско здружение за заштита и спасување во планина и непристапен терен АСКЛЕПИЈ Скопје во општина Тетово за реализација на посебната програма Спасител во планина и непристапен терен
2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Комисијата за верификација на институцијата за образование на возрасните Македонско здружение за заштита и спасување во планина и непристапен терен АСКЛЕПИЈ Скопје, формирана со Решение УП1 бр.12-1171 од 24.09.2018 година и измена на Решение бр.УП1 12-1171 од 03.10.2018година, изврши непосреден увид на ден 22.10.2018 година во просториите на институцијата за образование на возрасните во Ски Центарот Попова Шапка, општина Тетово со цел да се утврди исполнетоста на условите за работа.

Врз основа на извршениот увид, Комисијата со извештај УП1 бр.12-1171 од 24.10.2018 година и Решението за верификација на посебната програма Спасител во планина и непристапен терен УП1 бр.10-6 од 20.02.2018 година, одобрена од ЈУ Центар за образование за возрасните, констатира дека се исполнети условите за верификација согласно Законот за образование на возрасните („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08, 17/11, 51/11, 74/12,41/14,144/14,146/15,30/16,64/18) и предложи да се верифицира институцијата за образование на возрасните Македонско здружение за заштита и спасување во планина и непристапен терен АСКЛЕПИЈ Скопје во Тетово за реализација на посебната програма Спасител во планина и непристапен терен во општина Тетово, поради што се донесе решение како во диспозитивот.

Упатство за правно средство: Против донесеното решение може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот на решение.

МИНИСТЕР
Dr. Arbër Ademi

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА СКОПЈЕ 2

изготвил: Наталија Кижевска
одобрил: Дана Бишкоска
Safet Neziri